# *Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов“*

***ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ***

**за работа на училиштето во учебната 2021/22**



**Скопје, август 2022**

## Л И Ч Н А   К А Р Т А

Република Северна Македонија

Средно училиште на Град Скопје

„ДИМИТАР  ВЛАХОВ”

С К О П Ј Е
Град

А е р о д р о м
Општина

Ден, месец и година на основање

08.11.1955



„Трета Македонска бригада” 22
Тел. 02/ 2464-590 факс 2462-733
sugsdimitarvlahov@yahoo.com

Потпис на овластено лице

# *СОДРЖИНА:*


1. Лична карта на училиштето ........ 2
2. Вовед ........ 4
3. Организација на работата на училиштето ........ 8
    3.1. Материјално-техничка подготовка ........ 8
    3.2. Организација на наставниот процес ........ 9
    3.3. Реализација на Годишната програма за работа ........ 15
    3.4. Извештај за успехот и редовноста на учениците ........ 31
    3.5. Извештај за државна матура и завршен испит ........ 36
4.Реализација на наставата ........ 36
5.Воннаставни активности реализирани во учебната година ........ 40
6. Работа на управните и стручните органи и тела ........ 43
    6.1. *Училиштен одбор* ........ 43
    6.2. Совет на родители ........ 43
    6.3. Наставнички совет ........ 43
    6.4. Менаџерски тим на училиштето ........ 44
    6.5. Стручни активи ........ 44
7. Екскурзии ........ 46
8. Извори на финансирање ........ 46
Прилози ........ 47

## 2. Вовед

Образовно - воспитната работа е динамичен процес кој бара постојано следење на новите достигања на полето на педагошката теорија и практика и максимално залагање и ангажирање. За да можат да се реализираат целите и задачите на воспитанието и образованието, односно задачите на средното училиште, целокупната дејност во училиштето треба да се организира, програмира и реализира. Сета оваа програмирана дејност влегува во годишната програма за работа на училиштето. Во училиштето се реализираа активности според методологијата за самоевалуација на работата на училиштето. Се работеше на остварување на поставените приоритети и планирани активности според Програмата за развој на училиштето.

Со Годишната програма за работа во учебната 2021/22 година беа планирани програмските насоки и задачи за сите подрачја од воспитно-образовната дејност на училиштето и целокупното работење, а со посебните планови на органите и телата беа планирани работите за секое подрачје од дејноста на училиштето.

Задачата на нашето училиште се темели на усвојувањето знаења, умеења и навики од науките кои имаат апликативна вредност, како и професионално оспособување на учениците за извршување на конкретни работи и работни задачи од личните услуги, хемиско-технолошката и графичката дејност.

### Историјат на училиштето

Низ годините училиштето го менувало името, најпрвин постоел голем центар за ученици од стопанството „Крсте Мисирков", кој обединувал најразлични профили, струки и занимања. Бил сместен во зграда наменета за ученици во стопанство и тоа во реонот каде што до пред некоја година се наоѓаше Скопскиот саем, а денес новиот новиот East Gate Mall. Во 1955 година, со одлука на Народниот одбор на град Скопје, од овој центар се издвојува Училиштето за кожа, текстил и гума, под име „Димитар Влахов", со занимања од областите на преработка на кожа, гума, текстил и стакло. Оваа 1955 година ја земаме како почеток на нашето училиште. Кон овие занимања, во 1963 година е додадена и Графичката струка, префрлена од училиштето „Коце Металец".

По катастрофалниот земјотрес од 1963 година училиштето било сместено во привремен објект, барака, во непосредна близина на печатницата „Гоце Делчев„, која ни оддалеку не била соодветна на потребите. Проблемот со недостиг од стручен кадар бил ублажен во 1972 година, кога биле вработени првите професори и технолози. Ова значително го подобрило квалитетот на наставата. Таа година, паралелките кои дотогаш наизменично по една недела посетувале теоретска, односно практична настава, биле поделени по струки.

Во 1973 година, со новата верификација, училиштето се именува како Училиштен центар за занимања „Димитар Влахов" во кое се изучувале следните струки : лични услуги, графичка, стакларска, текстилна, кожа-гума, прехранбена, земјопреработувачка и изработка и преработувачка на хартија.

Во 1975 година беше отворен училишниот фризерско-козметички салон од отворен тип, што се наоѓа на булеварот „Партизански одреди“ и беа вработени стручни наставници, така што за учениците од струката лични услуги се создадоа најсовремени услови за практична настава. За жал, проблемот со немање сопствена училишна зграда имаше привремени решенија во повеќе училишта во кои „Димитар Влахов„ беше потстанар: О.У. „Кирил и Методиј“, гимназиите „Раде Јовчевски-Корчагин“ и „Георги Димитров“.

Состојбата до некаде се ублажи со вселувањето во сегашната зграда. Освен редовната настава, во Центарот се отворија нови паралелки за возрасни кандидати од многу занимања и се воведоа вонредни испити. Во 1986 година, беше воведена педагошката служба.

Промената на името во Училиштен центар за средно образование „Димитар Влахов“ се случи во 1988 година. Во овој период беше воведено и четиригодишно образование во графичката струка – графички техничар, а набрзо потоа се оформија паралелки за козметички техничари и прехранбени техничари. Четиригодишното образование овозможуваше проодност за факултетско образование.

Од 04.10.1999 година, официјалното име на училиштето стана Државно средно училиште „Димитар Влахов“. Во 2000 година беше обновена верификацијата на сите образовни профили од лични услуги, од графичката и од прехранбената струка, а се воведе и специјалистичко образование од графичката струка за образовните профили: слагач-специјалист, печатар-специјалист, книговезец-картонажер-специјалист.

Во 2001 година, училиштето се вклучи во експерименталната настава на ФАРЕ програмата за интегрирана реформа на средното стручно образование. Со оваа програма беа опфатени паралелките од профилот графички техничар. Во учебната 2003/2004 година за првпат се оформи паралелка на албански наставен јазик за образовниот профил фризери.

Во 2005 година Државното средно училиште „Димитар Влахов“ го слави својот златен јубилеј – 50 години постоење.

Од 10.01.2006 година се врши промена на називот Државно средно училиште во Средно училиште на Град Скопје.

## Цели на училиштето

Низ образовниот процес младите усвојуваат знаења, стекнуваат умеења и навики, што претставуваат основа за продолжување на образованието и вклучување во процесите на трудот. Тоа го постигнуваме со систематско развивање на индивидуалните физички и интелектуални способности, хуманистичките и моралните вредности на младите личности. Тоа, пак, нив треба да им овозможи подготовка за перманентно образование, критичко мислење, активен и одговорен однос кон себе и средината, за живот и мир, разбирање и соработка во граѓанско демократско општество.

Целите се операционализираат низ наставните програми, односно низ неговите задачи, содржини и организациски форми, кои пак, се определени и насочени кон потребите од кадри во трговските друштва и кон потребите и можностите на младите луѓе.

Како цели и задачи на нашето училиште вклучени се и принципите кои се насочени кон унапредување на разбирањето, толеранцијата, пријателството

меѓу заедниците од различни верски групи и почитување на човекот и неговите основни права.

Посебно внимание се посвети на улогата на наставниците и учениците во процесот на наставата. Централно место му се даде на ученикот, неговите интереси и слободата во изборот на неговите активности. Традиционалниот-конзервативен однос наставник - ученик, кој се темели на подучување и слушање, настојуваме да се напушти. Новиот воспитно-образовен процес претпочита нов однос во кои улогите на сите присутни се блиску до изедначени и здобивање интегрирани когнитивни, психомоторни и афективни компетенции на ниво на примена (примена на знаењата-компетентност, поседување знаења што овозможуваат решавање проблеми и реагирање во нови ситуации и поседување комуникациски и социјални вештини).

Врз основа на претходното, како и анализата на состојбите и проблемите од претходните години и предлозите, мислењата и заклучоците од страна на стручните и управните органи и тела на училиштето ја поставивме Програмата за воспитно-образовната работа на Училиштето за учебната 2022/23 година.

## МИСИЈА

***Нашето училиште е безбедна и дисциплинирана средина во која создаваме најповолни услови за почитување на разликите и за користење на ефективни образовни техники и технологија кои ќе му помогнат на секој ученик да постигне најмногу што може за да земе активно учество во предизвиците на пазарот на трудот и во оптшественото опкружување, а притоа за цело време имаме партнерски односи меѓу учениците, наставниците и родителите.***

### Изјава за мисија

***Оспособуваме кадри, социјализирани, емоционално зрели личности и подготвени да промовираат етничка интеграција и да одговорат на современите професионални предизвици.***

## ВИЗИЈА

***Да бидеме модерно и ефективно мултиетничко училиште, во кое се што ќе се работи ќе биде за доброто на учениците, за постигнување повисоки резултати во сите области.***

***Сакаме училиште во кое наставата ќе се реализира преку вклучување на информатичка технологија ,креативни методи и техники за активна настава и учење, тимска работа, партнерски однос со родителите и локалната заедница..***

***Нашата визија ќе ја оствариме со имплементација на реформираните наставни планови и програми за тригодишно и четиригодишно образование за занимања.***

***Сакаме училишна клима во која ќе постои демократски однос меѓу наставниците, учениците, стручните соработници и останатите вработени, почитување на правата и обврските на сите и континуирано подобрување на меѓучовечките односи.***

***Да бидеме училиште со квалитетни и мотивирани наставници кои сета своја енергија ќе ја насочат кон поттикнување на учениците за постигнување на подобри резултати и да им го трасира патот кон пазарот на трудот или кон високо образовните институции.***

***Сакаме училиште кое ќе биде финансиски автономно по пат на обезбедување на сопствени капацитети каде што учениците ќе ја реализираат праксата, а од остварените приходи ќе го подобрат својот ученички и училиштен стандард.***

***Сакаме училишна клима во која ќе постои демократски однос меѓу наставниците, учениците, стручните соработници и останатите вработени, почитување на правата и обврските на сите и континуирано подобрување на меѓучовечките односи.***

***Сакаме училиште кое постојано учи, каде што наставниците и стручните соработници континуирано, стручно и професионално ќе се усовршуваат што ќе им овозможи примена на современи образовни технологии и интерактивни методи.***

***Сакаме училиште кое ќе биде финансиски автономно по пат на обезбедување на сопствени капацитети каде што учениците ќе ја реализираат праксата, а од остварените приходи ќе го подобрат својот ученички и училиштен стандард.***

**Изјава за визија**

***Учениците да веруваат дека моќта на учењето и знаењето ќе им помогне да ја изградат својата иднина во интегрирано мултикултурно општество.***

Мисијата и визијата се остварени преку постигнување на следните цели:

- постигнување на висок квалитет со најдобрите наставници,
- обезбедување на врвни услови за изведување на наставата и практичната настава,
- поставување на училиштето на основа на високопрофесионална деловна организација,
- максимизирање на потенцијалот на училиштето,
- обезбедување неопходни средства со поддршка на професионален маркетинг, промоција и спонзорства,
- остварување на долгорочна соработка со респектабилни училишта во земјата и странство заради унапредување на воспитно-образовниот процес,
- дејствување на инфраструктурата и на нејзиното оформување заради зголемување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во целина.

Во текот на годината се следеше реализацијата на мисијата и постигнувањето на визијата и, доколку е потребно, ќе се преземат корективни акции.

Овие изјави беа разгледувани на сите активи, на Советот на родители, а потоа и заеднички прифатени на Наставничкиот совет. По заеднички споделената мисија и визија, истите ќе бидат истакнати на видно место во училиштето.

## 3. Организација на работата на училиштето

СУГС „Димитар Влахов“ се наоѓа во централното градско подрачје на улица Трета Македонска Бригада број 22.

Училиштето располага со училишна зграда, од која за училиници со површина од 1.412 м$^2$, други наставни простории со површина од 1.217 м$^2$, и дворна површина 1.790 м$^2$ и игралиште од 1.100 м$^2$.

Учебната 2021/22 годна започна на 01. 09. 2021 година, со претходно извршени подготовки за успешен почеток на наставната година. Во оваа учебна година во нашето училиште се запишаа 554 ученика во 39 паралелки.

### 3.1. Материјално-техничка подготовка

Училиштето има максимално искористен простор, а опременоста со наставни и материјално дидактички средства е во согласност со пропишаниот норматив. Образовно-воспитната работа во СУГС „Димитар Влахов“ се реализираше во 20 училници. Дел од нив се стандардни училиници а дел се со нестандарден капацитет. Училиштето располага и со два кабинети по информатика опремени со интернет, училишни кабинети за изведување практична настава за струка/сектор лични услуги, грфичка работилница, хемиска лабораторија, работилница за хемиско технолошка струка, опремен кариерен центар, библиотека со солиден библиотечен фонд како и оградено спортско игралиште и адаптирана просторија за реализација на дел од часовите спорт. Недостаток е што училиштето нема фискултурна сала.

Со новите наставни програми се појави и потреба за реализација на практичната настава за образовниот профил Фризер, Естетичар за нега на раце и нозе, за кои беа подготвени кабинети со обезбедување на одредена опрема за потребите на таа настава. Максимално беше користен и кабинетот за практична настава за струката лични услуги кој е лоциран надвор од училиштето, на локација Карпош-Лептокарија.

Практичната настава за хемиско-технолошката струка беше реализирана во хемиската лабораторија, во работилницата и во компаниите со кои училиштето има склучено меморандум. Практичната настава за струка/сектор Графичарство се реализираше дел во графичката работилница во училиштето и дел во компании.

Заради условите кои се наметнаа како резултат на пандемијата, воспитно - образовната работа се оствaруваше во отежнати просторни услови заради просторните капацитети на дел од училниците.

Тоа наметна потреба од интервенции со цел подобрување на условите за работа.

Направени се одредени интервенции:

- Опремување на училниците со компјутери и аудио опрема за реализација на он-лајн настава;
- Опремување на училниците со ЛЦД проектори и смарт табли;
- Замена на оградата на околу спортското игралиште;
- Реконструкција на главниот влез во училишната зграда и адаптација на пристапната рампа;
- Молерисување на училишнот салон за практична настава на локација во Лептокарија;
- Генерално чистење на сите простории на месечно ниво;
- Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите простории во училиштето на секои 6 месеци;
- Молерисување на училишната зграда;
- Реновирање на хемиската лабораторија;
- Реконструкција и адаптација на тоалет за деца со посебни потреби.

Во однос на образовната технологија, постојната опрема ги задоволуваше потребите на наставните планови и програми. Во однос на негледните средства има потреба од дополнителна опременост.

## 3.2. Организација на наставниот процес

### *Настава*

Училиштето подготвено ја започна учебната година. Воспитно-образовната дејност беше планирана со Годишната програма за работа на училиштето, која навремено беше доставена на соодветните органи и институции.

Наставата во училиштето се изведуваше на македонски, албански и турски јазик според изготвен распоред кој во почетокот трпеше одредени корекции поради наставниот кадар кој доаѓаше од други училишта и мораше да биде усогласен и со нивните потреби.

Наставата се одвиваше во две смени. Првата смена започнуваше во 7.30 часот и завршуваше во 13.10 часот, а втората смена започнуваше во 13.30 часот а завршуваше во 19.10 часот.

Во училиштето се запишаа 554 ученици во 39 паралелки, од кои 22 паралелка на македонски наставен јазик, 14 на албански наставен јазик, 3 паралелка на турски јазик и тоа во следните струки/сектори и образовни профили/квалификации:

**Лични услуги**:

- техничар за козметичка нега и убавина, козметички техничар, четиригодишно траење, во 8 паралелки (4 мак. и 4 алб);
- фризер, тригодишно траење, во 12 паралелки (6 мак. 3 алб. 3 тур) ;

- естетичар за нега на раце и нозе, тригодишно траење, во 6 паралелки (3 мак. и 3 алб.) вкупно 26 паралелки во Лични услуги.

**Хемиско-технолошка струка/сектор Хемија и технологија**

- прехранбен техничар/техничар за заштита на животната средина, прехранбен техничар/нутриционист, прехранбен техничар, четиригодишно траење, во 8 паралелки (4 мак. и 4 алб.) Прехранбен техничар на македонски и албански јазик дуални паралелки
- месопреработувач во 1 дуална паралелка на македонски наставен јазик вкупно 9 паралелки во Хемиско-технолошка струка

**Графичка струка/сектор Графичарство**:

- графички техничар, графички уредник – дизајнер, четиригодишно траење, во 4 паралелки на македонски наставен јазик; вкупно 4 паралелки во Графичка струка

Во текот на учебната година наставата се изведуваше редовно по сите предмети предвидени со наставните планови и редовно се вршеше проверка и оценување на постигањата на учениците.

Во настојувањето за унапредување на воспитно-образовниот процес беа застапени групна, индивидуална и други форми на работа.

Во наставната работа се користеа усни излагања, тест метода, писмени работи, наставни ливчиња, фронтална метода, метода на демонстрација, ИКТ во наставата, онлајн настава. Наставата беше организирана како редовна, дополнителна и додатна. Редовната настава се одвиваше како теоретска според наставните планови и програми, а практичната настава која е поделена во два дела се реализираше во работилниците на училиштето (хемиската лабораторија, козметичко-фризерските работилници и графичката работилница) како и кај работодавачи и сродни компании каде што учениците се запознаваа со процесите на работење во тие компании.

Дополнителната настава има задолжителен карактер и се организираше со цел на учениците да им помогне полесно да ги совладаат потешкотиите на кои наидуваа при совладувањето на определени наставни содржини. Во текот на целата наставна година беа изведувани дополнителни активности преку разни форми на групна и индивидуална работа. Наставниците ги реализираа часовите од дополнителната настава. Некои наставници одржаа и дополнителни консултативни средби со учениците кои следеа on line настава со цел пообјективно да биде вреднувано нивното знаење.

За наставните предмети по кои учениците имаа обврска да полагаат поправен испит на крајот од наставната година, или се подготвуваа за полагање на завршни испити и испити од државна матура, се организираше консултативна настава во договор со предметниот наставник. Овој вид настава се организираше и за вонредните ученици при подготовка за полагање испит.

Феријалната практика која се организира во летниот период, во траење од 5 до 20 дена зависно од образовниот профил, а со цел учениците да се стекнат со практични вештини од струката се реализираше во компании со кои училиштето има потпишано меморандум за соработка.

*__Наставен кадар__*

Во реализација на наставата оваа учебна година беа ангажирани 66 наставници кои реализираа годишни, тематски и дневни планирања.

Наставниците навремено, стручно и професионално ги извршија подготовките за успешен почеток на наставната година. Сите наставници имаа изготвено годишни планови како и тематски планирања.

Реализирани беа 146 наставни денови со завршните паралелки од трета и четврта година на воспитно-образовниот процес и 160 со прва, втора и дел од трета година. Наставните програми како и годишниот фонд на часови по сите предмети се во целост реализирани согласно насоките од МОН, БРО и ЦСОО. Уредно се водеше и електронскиот дневник. За реализација на on line наставата наставниците ја користеа и Teams апликацијата.

Стручно-педагошко и методско усовршување на наставниот кадар се реализираше во рамките на училиштето преку стручните органи: Наставнички совет, класни совети, стручни активи и следење на стручна литература. Исто така, наставниците редовно ги следеа сите семинари и советувања одржани од страна на МОН, БРО и ЦСОО.

Наставниците беа вклучени и во други семинари и обуки организирани од други сертифицирани институции и провајдери. Сето ова ќе придонесе за унапредување на воспитно-образовниот процес, односно за реализација на наставата со современи наставни методи и технологии, за што како краен ефект ќе имаме подобри резултати од страна на учениците.

Исто така, во училиштето се разработија теми за стручно и педагошко образование на наставниците и тоа за квалитетно планирање на образовната работа, за водење на педагошката документација и евиденција, интеракција во наставата како и комуникација на ниво на училиште.

**П Р Е Г Л Е Д**

**На воспитно-образовниот персонал за учебна 2021/22**

*__Табела бр.1 Вработени во училиштето__*

| Ред бр. | Презиме и име | Позиција |
|---|---|---|
| 1. | Гудоманова Јасминка | Директор |
| 2. | Станимировиќ Марика | Психолог |
| 3. | Илиевска Сузана | наставник, македонски јазик и литература |
| 4. | Ацева Силвана | наставник, македонски јазик и литература |
| 5. | Николовски Дарко | наставник, македонски јазик и литература |
| 6. | Оливера Петрушевска | наставник, македонски јазик и литература |
| 7. | Елизабета Величковска | наставник, македонски јазик и литература |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Нухиши Рамиз | наставник, албански јазик и литература |
| 9. | Муртези Рагип | наставник, албански јазик и литература |
| 10. | Карахасан Ајлин | наставник, турски јазик и литература, англиски јазик |
| 11. | Назиме Иљази | наставник, англиски јазик |
| 12. | Домазетова Татјана | наставник, англиски јазик |
| 13. | Даут Аида | наставник, англиски јазик |
| 14. | Јосифова Јованка | наставник, англиски јазик |
| 15. | Димитриевска Валентина | наставник, историја, граѓанско образование |
| 16. | Марковски Славчо | наставник, историја, граѓанско образование |
| 17. | Фазлија Азем | наставник, историја, граѓанско образование |
| 18. | Симјаноски Драшко | наставник, претприемништво, пто, иновации и претприемништво |
| 19. | Стојановска Елизабета | наставник, математика |
| 20. | Дика Фитим | наставник, математика |
| 21. | Ана Димовска | наставник, математика |
| 22. | Денковска Маја | наставник, информатика, сметачи и програмирање |
| 23. | Џемаили Арктим | наставник, информатика |
| 24. | Ивановска Сузана | наставник, физика, електротехника и електроника |
| 25. | Љавдрим Јахиу | наставник, физика |
| 26. | Стојановска Елена | наставник, хемија |
| 27. | Петровска Јадранка | наставник, хемија, аналитичка хемија, анализа на храна, инструментални анализи |
| 28. | Јаневска Слаѓана | наставник, хемија, анализа на храна, обновливи извори на енергија |
| 29. | Арсова Виолета | наставник, хемија, математика, фризерство, материјали во фризерство |
| 30. | Касуми Блерим | хемија, аналитичка хемија, инструментални анализи |
| 31. | Кузмановска Соња | наставник, основи на здравството, биологија, микробиологија на храна со санитација, микробиологија, одржлив развој |
| 32. | Стојановска Дијана | наставник, биологија, основи на здравството, биохемија, анатомија и физиологија |
| 33. | Димитровска Маргарита | наставник, козметика, основи на здравството, дерматологија, фармакологија, применета козметика; |

| | | |
|---|---|---|
| | | практична настава |
| 34. | Алиа Наџије | наставник, биологија, основи на здравството |
| 35. | Проковиќ Душан | наставник, спорт  и спортски активности |
| 36. | Крстевска Мирјана | наставник, спорт  и спортски активности |
| 37. | Ремзи Реџеп | наставник, спорт  и спортски активности |
| 38. | Весели Ибрахим | наставник, спорт  и спортски активности |
| 39. | Филиповски Атанас | наставник, спорт  и спортски активности |
| 40. | Младеновски Илче | наставник, музичка култура |
| 41. | Савевска Елена/Елена Вангеловска | наставник, ликовна уметност; естетика, шминкање |
| 42. | Зејнулаху Нухи | наставник, ликовна уметност; естетика, шминкање, трајна шминка |
| 43. | Аврамовски Александар | наставник, основи на прехранбена технологија, технологија на месо и месни производи, суровини, производи и амбалажа, прехранбена технологија, бизнис |
| 44. | Џолева Марија | наставник, фризерство, материјали во фризерството, естетска нега на рацете и нозете, познавање на материјалите, контрола на производни процеси, загадување и заштита на вода, почва и воздух, контрола на квалитетот |
| 45. | Јанкуловска Билјана | наставник, фризерство, естетска нега на рацете и нозете, технологија на храна од растително потекло, технологија на прехранбени производи, познавање на материјалите, исхрана |
| 46. | Филип Јовановски | наставник, материјали во фризерството, познавање на материјалите, козметологија, организациско однесување, правилна исхрана, диететика, практична настава |
| 47. | Стефка Блажевска-Тушевска | наставник, применета козметика, практична настава, козметика, шминкање, третмани во нега на лице и тело |
| 48. | Лита Афрдита | наставник, применета козметика, практична настава, третмани во нега на раце и нозе, третмани во нега на лице и тело |
| 49. | Мифтари Аршик | наставник, козметика, основи на здравството, дерматологија, лични услуги и други сектори на квалификација, анатомија и физиологија, УПР, бизнис |

| | | |
|---|---|---|
| 50. | Стефова Весна | наставник, естетска нега на рацете и нозете, операции и процеси, органско производство на храна, УПР, практична настава |
| 51. | Величковска Јулија | наставник, козметика, третмани во нега на раце и нозе, третмани во нега на лице и тело |
| 52. | Атанасовски Сања | наставник, материјали во козметиката, фризерство, биокозметика, козметологија, технологија на храна од растително потекло |
| 53. | Џељан Алији | наставник, козметологија, контрола на квалитетот |
| 54. | Зеќири Дурим | наставник, фризерство, естетска нега на рацете и нозете, материјали во фризерството, познавање на материјалите |
| 55. | Кадриу Ваљбона | наставник, материјали во козметиката, суровини, производи и амбалажа, исхрана, прехранбена технологија, контрола на производни процеси, микробиологија на храна со санитација, технологија на храна од растително потекло |
| 56. | Исмаил Зимери | наставник, операции и процеси, технологија на храна од растително потекло, биохемија, УПР, анализа на храна, прехранбена технологија |
| 57. | Ѓорѓиевски Љубе | наставник, техничко уредување на публикации, графичка монтажа, визуелен идентитет, технологија на графичка подготовка, технологија на печат и доработка, графички дизајн, практична настава |
| 58. | Јордановски Горан | наставник, основи на графичарство и сродни сектори, основи на графички дизајн, графички материјали, средства за графички дизајн, типографија, техничко уредување на публикација, фотографија, форми на графички дизајн, векторска и растерска графика, УПР |
| 59. | Савева Елизабета | стручен наставник, практична настава – фризер |
| 60. | Киевска Марина | стручен наставник, практична настава – фризер |
| 61. | Адеми Атиџе | стручен наставник, практична настава – фризер |
| 62. | Цветковска Драгана | стручен наставник, практична настава – фризер |

| | | |
|---|---|---|
| 63. | Петрушевска Светлана | стручен наставник, практична настава – естетичар за нега на раце и нозе |
| 64. | Камберај Нуриман | стручен наставник, практична настава – естетичар за нега на раце и нозе |
| 65. | Ферихан Махмуд | стручен наставник, практична настава – фризер |
| 66. | Божиновски Ванчо | стручен соработник, библиотека |
| 67. | Адили Ханифе | Наставник, производно техничко образование, бизнис, иновации и претприемништво претприемништво |
| 68. | Еминовска Сибел | Наставник,претприемништво |
| 69. | **Административно – технички персонал** | |
| 70. | Станковиќ-Танева Татјана | секретар |
| 71. | Шетловска Соња | благајник и технички секретар |
| 72. | Петрески Митко | домаќин-економ |
| 73. | Димовски Никола | хаусмајстор |
| 74. | Мартиновски Драги | хигиеничар |
| 75. | Бојкова Македонка | хигиеничар |
| 76. | Горанчиќ Мица | хигиеничар |
| 77. | Тасевска Мирјана | хигиеничар |
| 78. | Ѓорчевска Зорица | хигиеничар |
| 79. | Љатифи Ариф | чувар |

### 3.3. Реализација на Годишната програма за работа

Во текот на учебната 2020/21 година училиштето продолжи со реализација на низа активности од повеќе проекти „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, „Намалување на насилството и унапредување на безбедноста на училиштата“, Безбедност во училиштата, Час по приватност, проекти кои по пат на јавен повик се избрани и финансиски поддржани од страна на Град Скопје се вклучени во нашата програма за работа како вонаставни активности.

Секако, не треба да заборавиме на превентивните и безбедносните мерки против Ковид-19 вирусот за да го зачуваме сопственото и туѓото здравје. За таа цел од страна на Збратимениот град на град Скопје – Нирнберг во рамките на проектот "Корона пакет на солидарноста", на училиштето му беа донирани хигиенски средства и информативен материјал со цел едукација на учениците за правилно одржување на растојание и правилно одржување на секојдневната хигиена во услови на пандемија. Дополнително, Град Скопје учествуваше со своја донација за истата цел.

Швајцарскиот проект Е4Е@мк организираше обука на наставници од средни стручни училишта на тема – Методологија базирана на работни ситуации. Обуката ја спроведува тим на наставници сертифицирани од СФИВЕТ коишто го пренесуваат знаењето добиено од претходно одржаната обука во Швајцарија во 2019 година. За наша среќа, Билјана Јанкуловска, наставник по стручни предмети од нашето училиште, се здоби со овој сертификат, и беше еден од обучувачите на тридневната обука, која се одржа во Охрид.

Во рамки на две обуки (12.08 – 18.08), се обучуваат вкупно 30 наставници (поделени во две групи) од стручни училишта и од регионалните центри за примена на оваа методологија.

Обуката има за цел да го подобри наставниот процес преку поврзување на истиот со работни и животни ситуации.

Ваквиот начин на дополнување на знаењата и вештините на наставниците ќе придонесе кон подобра интеракција со учениците и исполнување на крајната цел – стекнување на стручни вештини што ја рефлектираат работната реалност на ефективен начин.

На 03.09.2021. Градоначалникот на Град Скопје, им додели признанија и награди на 45 наставници од седум средни училишта на Град Скопје за нивниот придонес и активно учество во унапредувањето на меѓуетничката интеграција во образованието преку реализација на заеднички часови со ученици кои учат на различни наставни јазици.

Наставниците ја имаат истовремено најтешката и најблагородната професија во едно општество. Тоа се луѓето кои оставаат најдлабок белег во формирањето на личноста, а што е општеството ако не едно големо множество од личности, секоја од нив различна и секоја посебна на свој начин.

Преку реализација на заеднички часови со ученици кои учат на различни наставни јазици професорите успеваат во најчувствителниот период од развојот на личноста да ја испратат пораката дека различностите се најголемото богатство на македонското општество. Ваквите проекти најдиректно ќе придонесат наместо тепачки во училиштата нашите деца да научат дека со меѓусебно почитување можеме и мораме да изградиме просперитетно општество кое е основа за подобар и поквалитетен живот за сите.

Град Скопје во рамките на своите надлежности игра значајна улога и во образовниот процес и негувањето на мултикултурализмот на локално ниво како една од најголемите предности на нашето општество.

Во средните училишта на Град Скопје: „Арсени Јовков“, „Здраво Цветковски“, „Браќа Миладиновци“, „Боро Петрушевски“, „Димитар Влахов“, „Јосип Броз-Тито“ и СУГС „Владо Тасевски“ во текот на минатата учебна година, беа реализирани вкупно 743 заеднички онлајн часови по различни наставни предмети. Со заедничките часови беа опфатени 42 паралелки кои наставата ја следеа на македонски, албански и на турски наставен јазик.

Град Скопје, во согласност со Програмата за активности од областа на средното образование за 2021 година и Стратегијата за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието и граѓанска вклученост, ќе продолжи со поддршка на организацијата и реализацијата на заеднички часови во осум средни училишта и во новата учебна 2021/2022 година. Оваа година во проектот за првпат ќе се вклучи СУГС„Д-р Панче Караѓозов“.

Реализацијата на заедничките часови е поддржана од Македонскиот Центар за граѓанско образование (Проект на УСАИД за Меѓуетничка интеграција на младите во образованието), како и од Мисијата на ОБСЕ во Република Северна Македонија.

Овој проект има за цел да придонесе за подобрување на меѓуетничката кохезија меѓу младите, преку создавање услови за позитивна интеракција и градење на граѓански и демократски вредности.

Во соработка со ОХО и Град Скопје, 16 септември 2021 год. во просториите на СУГС „Здравко Цветковски„ се одржа обука за проектот Дигитална етика во траење од 5 часа, на која присувствуаа учениците Леонтина Ангеловска, Марија Ефремова и Ивона Спасовска од 4-1 клас, како и Верица Димовска, Ана Јаневска и Лоренса Сулејманова од 3-4 клас заедно со меторот Стефка Б. Тушевска. Обуката се однесуваше на запознавње со поимите како што се право на приватност, сајбер насилство, безбедност на социјални мрежи, критично размислување, лажни вести и информации, лични податоци...

На темите што ги слушнаа за време на обуката, учениците добија инструкции да изработат **кратка видео приказна** која ќе може да се објави на социјални мрежи. Секако со таа видео приказна требаше да испратат некаква порака. Можеа да ја прикажат и добрата и лошата страна на дигиталниот свет или само едната страна, или можеа да направите **дизајн на постер,** или **илустрации** на одредена тема;

За овие дела што беа изработени беше креирана посебна **Инстаграм страница - „digitalnaetika“.**

Во текот на два месеци учениците, поделени во два тима изработија две видеа на тема Сајбер насилство во училиште и Последиците од он-лајн запознавање, водени и следени од менторот.

Потоа беше организиран **натпревар за делата** кои беа изработени, и на кој учениците од 4-1 ја добија втората награда со видето за сајбер насилство во училиште. Како завршница на целиот проект беше организиран **настан, односно изложба,** на која присувствуваа преставници од ОХО и Град Скопје, каде беа презентирани наградените дела и на која наградените ученици заедно со менторите се здобија со сертификати и дипломи.

Општинската организација на Црвен крст Кисела Вода на 16. 09.2021г. (четврток) го одбележа Светскиот ден на Првата помош 11ти Септември, под мотото „Биди херој во моето училиште“. Како дел од планираните активности, а во насока на зачувување здравјето и безбедноста на учениците и наставниот кадар на секое средно училиште им беше дониран наменски опремен , ранец со санитетски опремен ранец, со санитетски материјали и останата опрема за укажување прва помош.

На 22.09.2021г. ширум светот се одбележа Светскиот ден без автомобили, ден кој првпат беше одбележан пред 21 година. Овој ден има цел да ја крене свесноста кај луѓето за зелените, еколошки транспортни решенија (јавен транспорт, пешачење, велосипедизам, итн.), како и да поттикне иницијатива за ремоделирање на градовите во насока на поддршка на ваквите модели на транспорт и приближување на јавниот простор, пред сè улиците, поблиску до луѓето. Одбележувањето на овој ден треба да ги поттикне граѓаните да

замислат еден поинаков град кој ќе биде во функција на луѓето, а не на автомобилите.

Стотици градови во Европа и светот овој ден го одбележуваат со затворање на улици или цели делови од градовите каде луѓето можат слободно да се движат и да обавуваат различни активности. Истовремено, овој потег има цел да ги поттикне луѓето, барем на тој еден ден, да го остават дома автомобилот кој важи за нееколошко и неефикасно транспортно средство и да размислуваат за други начини на превоз.

Светскиот ден без автомобили е последен ден од Европската недела на мобилност со кој се заокружуваат сите активности на овој традиционален настан. Се одбележува од 2000 година, кога 760 градови ја поддржале оваа идеја. По примерот на другите градови, првенствено се започнува со затворање на само неколку улици во градот, за потоа, во секоја наредна година, бројот на тие улици да се зголемува.

Ученици од нашето училиште предводени од наставникот Атанас Филиповски, учествуваа на овој настан и се добитници на една од дваесетте награди кои се доделија на крајот од велосипедското дефиле.

Денот без автомобили е ден кога цел свет го слави здравиот транспорт во еден град, а Скопје треба и заслужува да биде дел визијата на тој ден. „НаТочак“ ќе ја даде својата поддршка на општините во нивните напори да го одбележат денот, во однос на навремено информирање на јавноста.

На 23.09.2021 година со почеток од 17-часот беше одржана Виртуелната Изложба - "Peace4Mels" на која беа промовирани цртежи и фотографии на ученици од средните училишта во државата, кои учествуваа на конкурсот за најкреативен цртеж или фотографија на тема "Peace4Mels".

Овој конкурс беше организиран како иновативна идеја иницирана од младите луѓе кои беа дел од работилниците организирани во рамките на проектот "Supporting the Western Balkan's Collective Leadership on Reconciliation" поддржан од UN Peacebuilding Fund, RYCO и УНФПА.

На конкурсот учество зема и нашето училиште претставувано од ученичката Ана Јаневска од III-4 клас под менторство на наставникот Елена Савевска, која изработи прекрасен цртеж на зададената тема.

Со волонтерски дух, подготвени за еден различен ден исполнет со ведри и насмеани лица, под водство на наставникот Мирјана Крстевска , дел од учениците на СУГС „Димитар Влахов“ волонтираа на седумнаесетото издание на Скопскиот маратон кој се одржа на 03.10.2021г. Со насочувањето на учениците кон волонтеризмот делуваме во насока на создавање на едно поодговорно општество, а нашата солидарност и општествена одговорност ја покажуваме со дела кои најдобро можат да зборуваат за нас. Со тоа поставуваме позитивни примери кои ќе водат кон позитивни промени во секојдневието на секој еден од нас во нашето општество.

На 06.10.2021г. се одржа обука за наставници за давање прва помош во Општински Црвен крст на Кисела Вода. На обуката беа присутни наставниците Стрфка. Блажевска Тушевска, Наџие Алии, Јулијана Величковска и Дијана Стојаноска.

На 06.10.2021г. се одржа обука „Прва помош спасува живот“за наставници во училиштето од страна на стручни лица од Црврн крст од општина Кисела Вода за правилно користење на прирачникот по Прва помош кој беше дониран со санитетски опремениот ранец.На обуката присуствуваа

наставниците Силвана Ацева, Слаѓана Јаневска, Рамиз Нухиши, Ибрахим Весели, Татјана Домазетова и психологот Марика Станимировиќ.

Во рамките на Националната годишна програма за Јавно Здравје во РСМ за 2021г. , ЈЗУ Центар за Јавно Здравје врши следење на нутритивниот статус кај училишни деца во функција на рана детекција на прекурсорси на можни здравствени ризици за појава на хронични заболувања во училишта на подрачјето на град Скопје. На 12.10.2021г.и 13.10.2021г. Центарот за јавно здравје изврши мерење на висина и тежина на учениците од цела прва година во СУГС „Димитар Влахов“.

19.10.2021г. Во СУГС ,,Димитар Влахов" се посветува внимание и на спортските натпревари во екипни и поединечни спортови.

Користа од физичката активност е огромна. Помага во развој и одржување на моториката, ги зацврснува коските и зглобовите, го подобрува имунитетот, ја зголемува самодоверба, ја подобрува когнитивната функција кај децата, како на пример помнењето, и тие имаат подобри училишни резултати. Затоа ние се залагаме за поголема свесност за училишниот спорт.

Во организација на Сојуз на училишен спорт, Федерација на училишен спорт и Град Скопје, нашето училиште секоја година учествува на спортските натпревари во футсал-женска и машка конкуренција како и одбојка-женска конкуренција. Натпреварите оваа година се одржуваат во СУГС ,,Зефљуш Марку ". Ментор на екипата футсал-женски е Мирјана Крстевска.

Согласно Стратешките документи на Националната комисија за борба против трговија со луѓе, Бирото за развој на образованието организираше еднодневна обука на далечина на тема: „Спречување и борба против трговија со деца“. Целта на обуката беше да се подигне свеста и да се сензибилизираат наставниците/стручните соработници за факторите на ризик, ранливоста на децата од трговија со луѓе, методите за врбување и заштита на децата – жртви на трговија со деца. Обуката се одржа на 15 ноември 2021г. На обуката присуствуваа пет претставници Марика Станимировиќ – психолог и наставниците Виолета Арсова, Јованка Јосифова, Џејљан Алији и Наџие Алиа, членови на Тимот за професионален развој од нашето училиште. Обуката се реализираше во 5 сесии:

1. Вовед во трговија со луѓе,
2. Вовед во трговија со деца
3. Интернетот како средство за регрутирање на жртви на трговија со луѓе
4. Индикатори за идентификација на деца потенцијални жртви на трговија со деца
5. Улогата на наставникот, стручните соработници и училиштето во идентификување и упатување на дете кое е потенцијална жртва на трговија со луѓе

На 29 .10.2021г. Центарот за јавно здравје направи скрининг на 20 ученици од училиштето избрани по случаен избор од Е-дневникот за да се види каква е состојбата со Ковид 19.

На ден 02.11.2021 (вторник) е одржана основна обука за заштита и спасување која се одржа on line на апликацијата Microsoft Teams со почеток од 10:00 часот од страна на Дирекцијата за заштита и спасување. Во обуката беа вклучени сите вработени.

На ден 05.11.2021г. се одржа теоретска Обука за безбедност при работа за сите вработени во 6 групи.

Во рамките на обуката за “Поттикнување на демократка клима во училиштата преку ученички иницијативи”, во нашето училиште СУГС “Димитар Влахов” Скопје се преземаа следните активности за позитивна промена во училиштето/заедницата поттикнати од учениците:

Фаза 1: Лоцирање на проблеми

- Активности за подигнување свест и разубавување на околината за денот на екологијата
- Учениците реализираа поголем број активности во насока на подигнување на свеста за зачувување на околината, преку комбинирање едукативни работилници за подигнување на еколошката свест, конкретни активности за разубавување на просторот во и околу училиштето и поврзување со општината за заедничко одбележување на Денот на екологијата.
- 15 ученици од 1 до 4 година како иницијатори на активностите и 25 ученици од прва, втора, трета, и 4 година како учесници во активностите.
- 5 активно вклучени наставници во активностите, со поддршка од другите колеги - членови на наставниот кадар и заедницата.
- Активностите се спроведоа со физичко присуство, а презентацијата на настанот беше онлајн

Со какви проблеми/потреби се соочуваат учениците во нивното секојдневие?
Како учениците одлучија на кој проблем сакаат да работат/да го решат?

Учениците од прва и четврта година имаат наставна содржина за екологија по предметот граѓанско образование и решија да понудат сопствени идеи за иницијатива во која ќе земат активно учество. Најголемиот дел од учениците ја споменаа потребата за подигнување на еколошката свест во средината во која живеат, по што заеднички се донесе одлука иницијативата да се фокусира на еколошки активности, а за таа цел да се искористи Денот на екологијата и заедно со помош од локалната самоуправа да се разубави школскиот двор. Преку групна дискусија и јавно гласање беше утврдена согласноста на учениците за темата на младинска иницијатива.

Како учениците ги испланираа чекорите до целта?

Во текот на септември и октомври 2021, со учениците се организираа три дискусии на кои тие ги искажаа своите мислења и идеи како би се реализирала иницијативата. Сите чекори и активности беа предложени од учениците и со гласање беа одобрени од соучениците. Се донесе одлука за реализација на пакет активности, чија заедничка цел е подигнување на еколошката свест, но и конкретни активности за чистење и разубавување на животната средина. Учениците работеа во неколку тимови, според сопствените интереси и преференции. Во активностите треба да се вклучи и локалната заедница за што ќе биде навремено известена со нашите идеи и потреби.

На 08.11.2021г. го одбележивме Патрониот празник на нашето училиште, посветен на нашиот патрон Димитар Влахов (1878-1953), истакнат македонски револуционер, општественик и државник.

Во чест на Патронатот спортскиот дух и оваа година не нè одмина, па беа реализирани училишни спортски игри во дворот на училиштето. Директорот и наставниците заедно со учениците положија свежо цвеќе пред

бистата на Димитар Влахов и беше одржан пригоден говор во кој се потсети за визијата на училиштето: "Современи млади луѓе за современо општество", визија која сите ние како вработени заедно со учениците ја продолжуваме во мултиетнички дух, докажувајќи дека заедно можеме и сакаме да живееме, учиме и создаваме!

Од 15.11.2021г. до 19.11.2021г. се одржа обука за наставници за работа со Microsoft Teams. Од нашето училиште обуката ја следеа наставниците Маја Денковска, Дарко Николовски, Билјана Јанкуловска, Дурим Зеќири, Валбона Кадриу и Јулија Величковска.

И оваа учебна година во СУГС „Димитар Влахов“ се реализираат заеднички часови во рамките на проектот на УСАИД за Меѓуетничка интеграција во образованието, вклучени се осум паралелки на македонски и албански наставен јазик по четири предмети. Целта на овој проект е да помогне во овозможувањето позитивни интеракции меѓу младите од различна етничка припадност на ниво на училиште.

На 05.11.2021г. се одржа работилница со наставници за реализација на заеднички часови во редовната настава во организација на МЦГО и ОБСЕ. На работилницата беа присутни наставниците што држат МИО часови Билјана Јанкуловска, Дурим Зеќири, Афрдита Лита, Стефка Б. Тушевска, Нуриман Камберај, Светлана Петрушевска, Атанас Филиповски и Ибрахим Весели.

На 22.11.2021г. се одржа состанок на Активот на стручни соработници на средните училишта на Град Скопје. Состанокот се одржа во 12:30 часот на Zoom. На состанокот присуствуваше психологот на училиштето Марика Станимировиќ.

На 26.11.2021г.(петок) се одржаа родителските средби за првиот класификационен период.

03 декември 2021г. многу позитивни вести, бескрајно горди на нашите ученици.

Прогласени се наградените проекти од "Дигитална етика", дел од проектот на Здружението за едукација, комуникација и консалтинг ОХО.

Целта на овој проект кој се реализираше со поддршка од Град Скопје беше развивање на способноста на средношколците и останатите членови на училишната заедница за правилно користење на дигиталните алатки, како и развој и унапредување на дигиталната писменост. Со почеток во септември, со обуки и предавања за учесниците, проектот доби завршница со прогласување на наградените. Нашето училиште ја освои втората награда со изработен краток филм на тема „Интернет насилство“, во конкуренција од 34 дела изработени од средношколци на теми кои им се исклучително важни и кои ги живеат и искусуваат во нивното секојдневие. Делата изобилуваат со креативност, инвентивност и видливи мултимедијални вештини на високо ниво.

Второ место: СУГС „Димитар Влахов“– Тим 1 (Леонтина Ангеловска, Марија Ефремова, Ивона Спасовска, ментор Стефка Блажевска-Тушевска), за видеото на тема online насилство и cyber bullying. Коментар од комисијата: „Видеото ја пренесува главната порака на многу едноставен и пластичен начин, така што секој средношколец може да се идентификува и да се пронајде во него. Го задржува вниманието во секој поглед, визуелно и тематски. Визуелната реализација и продукцијата на видеото е одлична и на високо ниво.“

За наградување на пристигнатите дела, беше задолжена комисија во следниот состав:

Христина Ѓорѓиевска– новинар и уредник на продукција во Види Вака,
Даница Тунтевска-Вујовиќ – ПР менаџер во маркетинг-агенцијата New moment-и
Горан Маневски– менаџер за социјални медиуми во ОХО,
Наградени беа и учениците од СЕПУГС "Васил Антевски Дрен", СУГС "Јосип Броз Тито" и СУГС "Никола Карев".
Проектот навистина го сметаме за важен и посакуваме да стане интегрален дел од образованието на сите ученици во Град Скопје и воопшто во Северна Македонија.
Церемонијата од доделувањето на наградите, како и видеото може да проследите од галеријата на слики на веб страната на училиштето.

На 11 и 12 декември 2021г. во Крушево се одржа обука на тема: „Комуникациски вештини помеѓу вработените, учениците и родителите во училиштето" за сите вработени наставници.

Нашето училиште на ден 09.12.2021 година преку zoom учествуваше на вебинарот: Твои права @ работа. Истиот се одржа во времетраење од 13:00-15:00 часот. Кампањата работнички права ја реализира Економско-социјалниот совет со поддршка на проектот "Зајакнување на социјалниот дијалог". Проектот го финансира Европската Унија, а го спроведува Меѓународната организација на трудот.

ЦСИ „Надеж" потпиша меморандум на соработка со Димитар Влахов(СУГС "Димитар Влахов" - Скопје ) за реализација на проектот „Таа може: стекнување вештини за економска независност" кој е финансиран од германската фондација „Weltgebetstag" . Целта на проектот беше преку професионална обука да им се овозможи на учениците од струката „ Лични услуги„ насока фризери да стекнат уште подобри практични вештини и знаење од својата област. Обуката ја спроведуваше професионален обучувач - мајстор фризер од здружението на занаетчии – секција фризери при Стопанската комора на С.Македонија. Првата обука започна, идните фризери стилисти се во акција. Во рамки на проектот на здружението Центар за социјални иницијативи Надеж се организираше работилница на тема „Користење на социјални медиуми во деловни цели" на 23.12.2022г. каде беа опфатени ученици од трета година фризери.
Реализација на наградениот проект од Предизвик за млади истражувачи 3 🍀🔬🧪!!!
Проектот со тема „Намалување на употребата на пестициди, инсектициди и хербициди во земјоделството преку алелопатија", под менторство на наставниците по биологија Соња Кузмановска и Дијана Стојаноска, кој е добитник на минатогодишниот Предизвик за млади истражувачи 3, е реализиран. Учениците по пат на научен метод во лабораториски услови го реализираат истражувањето на водени екстракти на одредени растенија и нивното алелопатско дејство.

Квалитетна и здрава животна околина е еден од основните предуслови за квалитетен живот на сите граѓани. Воздухот е една од главните компоненти, кој за жал, историски гледано во државата, во последните децении, истиот бележи високи вредности на загаденост, особено во главниот град. Доколку сакаме низ Скопје, да има што е можно повеќе млади урбани велосипедисти, треба повеќе да работиме на промоција на урбаниот велосипедизам, неговото значење за животната средина и намалување на аерозагадувањето, но и подобрување на индивидуалното и

колективно здравје што подразбира креирање на свесни генерации кои ќе бидат во можност да направат позитивни промени, и кон самите себе и кон одржлив развој на општествата во кои живеат.

Здружението на граѓани Еко Логик во рамки на “Вело Училишта“ и “Училиште за одржлив развој“, спроведе анкета помеѓу средношколците на ниво на Град Скопје, во насока на прикажување за користењето и истовремено познавањата на темата велосипедизам на средношколците, како и нивните предизвици со кои се соочуваат во секојдневието при возењето на велосипед.

Исто така беа подготвени едукативни видеа кои на интересен начин го доближуваат значењето на возење велосипед.

Овие активности, беа споделени на онлајн зум настан на 23.12.2021г. со почеток во 13:00 часот. Настанот го следеше психологот Марика Станимировиќ.

На 27.01.2022г.(четврток) се одржаа родителските средби за првото полугодие преку Microsoft Teams.

На 27.01.2022г.(четврток) се одржа Обука на тема: Постапка за изрекување на педагошки мерки на учениците и уредно водење на педагошката евиденција и документација. Обуката ја реализираше психологот на училиштето Марика Станимировиќ и беа опфатени сите наставници вработени во СУГС „Димитар Влахов“.

На 28.01.2022г.(петок) се одржа Обука на тема: „Начини и подрачја на вешење Самоевалуација во училиштето“. Обуката ја реализираа в. д. директорот Јасминка Гудоманова и наставникот Билјана Јанкуловска.

Џуниор Ачивмент Македонија организираше обука за вовед во програмата за ученичка компанија која се одржа на 10,11 и 14 февруари 2022 годинан, онлајн на платформата MS Teams. Програмата е признаена од Европската комисија како„најдобра пракса во претприемничкото образование“ и се заснова на принципот за учење преку работа – учениците преку наставната програма, под надзор на ментори-обучени наставници, создаваат ученичка компанија, ја развиваатви затвораат во текот на учебната година. Обуката ја следеше наставникот Маргарита Димитровска.

Нашето училиште е вклучено во реализација на главното тестирање од меѓународната студија ПИСА 2022 кое ќе се реализира по електронски пат во периодот април-мај 2022г.

ПИСА е програмата за меѓународно оценување на учениците, се проценуваат способностите, знаењата и вештините на учениците во примена на она што го научиле во училиште во различни животни ситуации на крајот на задолжителното образование на возраст од 15 години во читање со разбирање, математичка писменост, писменост во природни науки и креативно мислење.

Координатор за ПИСА од нашето училиште беше Ана Димовска , а заменик Фитим Дика.

На 04.02.2022г. претставници од Воената академија „Генерал Михајло Апостолски“одржаа презентација „Биди офицер во армијата“ за учениците од завршните паралелки во нашето училиште.

Нашите ученици покажаа голема посветеност и креативност. Како дел од работилницата "Изработка на цртежи" во рамките на проектот - "Поттикнување на демократска клима во училиштата преку ученички иницијативи" изработија

несекојдневни и уникатни изработки. Во зависност од нивните замисли и фантазии кои ги стекнаа во текот на учебната година изработија кратки уметнички дела.
Драги ученици продолжете да бидете креативни и трудољубиви и успехот со вас е неминовен.

Согласно утврдените насоки на координативната средба со претставниците на СВР Скопје - Одделението за превенција, се одржа средба на ден 21.02.2022 година во Големата сала на Советот на Град Скопје, а поврзана со реализацијата на Проекто "За безбеден град". На средбата беше присутна Јасминка Гудоманова в.д директорот на СУГС „Димитар Влахов“

Во вторник 08.03.2022 година започнува проектната активност на Град Скопје:

„Училиштата на Градот Скопје со отворени врати за факултетите и универзитетите за презентација на нивните студиски програми“-Скопје 08.03.2022-25.03.2022 година. Во проектот беа опфатени учениците од завршните години.

Оваа година ЦСИ „Надеж“ продолжува соработката со СУГС "Димитар Влахов"-Скопје во реализација на втората обука како дел од проектот „Таа може: стекнување вештини за економска независност” кој е финансиран од германската фондација „Weltgebetstag“. Целта е преку професионална обука да им се овозможи на учениците од струката „ Лични услуги„ - профил фризери да стекнат уште подобри практични вештини и знаење од својата област. Обуката ја спроведува професионален обучувач - мајстор фризер од здружението на занаетчии – секција фризери при Стопанската комора на С.Македонија.

Среќата се множи доколку се дели. Затоа сакам да кажам дека денес 07.03.2022г. сме пресреќни бидејќи сме хумани луѓе полни со емпатија кои одлучивме да донираме алишта за сите возрасти за социјално загрозени семејства. Од утре ќе стоплиме неколку семејства, благодарение на општествено одговорниот наставнички кадар од Sugs Dimitar Vlahov -Скопје кој достави многу облека за да предизвикаме насмевки кај неколку семејства на кои им требаше помош.

На 07.03.2022г. изведена е Хуманитарна акција во Домовите за стари лица „Светла Надеж“ и „Вита – Ве“ од страна на учениците од струката Лични услуги, профил фризер и наставниците по практична настава.

На ден 08.03.2022г. во Националната опера и балет, наши ученици од струката лични услуги, имаа чест да присуствуваат на генералната проба на балетската премиера "Госпоѓиците од Авињон", балет во 9 слики со врвна авторска и солистичка екипа.

Вработените несебично ги запознаа со целокупната сценографија, костимографија, театарска шминка и фризура, перикерство, а потоа учениците уживаа во балетската претстава.
Nacionalna opera i balet - National Opera & Ballet, директорке Olga Pango, Ви благодариме на професионалниот прием и љубезност од целата ваша екипа. Беше огромна чест да се биде дел од атмосферата и магијата на ваков голем настан.

На 09.03.2022г. дел од учениците (поради пандемијата) од нашето училиште имаа можност да ја гледаат театарската претстава ШТО Е СИЛЕЏИЈА?

Младинска претстава која на прв план ги прикажува проблемите поврзани со врсничкото насилство, поточно силеџиството, во едно средно училиште. На втор план, всушност подлабоко вграден во самата драмска содржина, се прикажува проблемот на силеџиството во општеството, како и на гневот што го носиме во себе кој предизвикува друг гнев.

Актуелна тема од денешницата од која може да се извлече поука и да се размисли за факторите кои се причина еден човек да манифестира силеџиство и врсничко насилство.

Согласно прграмата за задолжителна имунизација на учениците (службен весник (бр.277 од 28.12.2019г.) од 4-та година и 3-та завршна година подлежат на ревакцинација -ТЕТАНУС која се спроведе во Пол.Јане Сандански-Училишна превентива во следниве термини :

16.03.2022г.
На 16.03.2022 год. клас III-1 во 8:30 ч. (19 ученика)
На 16.03.2022 год. клас III-3 во 8.30 ч. (6 ученика)
На 16.03.2022 год. клас III-7 во 10.00 ч. (4 ученика)
На 16.03.2022 год. клас III-8 во 10.00 ч. (22 ученика)
17.03.2022г.
На 17.03.2022 год. клас IV-1 во 8.30 ч. (25 ученика)
На 17.03.2022 год. клас IV-2 во 8.30 ч. (3 ученика)
На 17.03.2022 год. клас III-9 во 10.00 ч. (11 ученика)
На 17.03.2022 год. клас IV-4 во 10.00 ч. (11 ученика)
На 17.03.2022 год. клас IV-5 во 10.00 ч. (5 ученика)
18.03.2022г.
На 18.03.2022 год. клас III-2 во 8.30 ч. (16 ученика)
На 18.03.2022 год. клас IV-3 во 8.30 ч. (6 ученика)

На 11.03.2022г. во просториите на нашето училиште се одржа состанок на Тимот за безбедност во проширен состав со присуство на членовите од училиштето и претставници од Град Скопје, од СВР Скопје одделение за превенција, родител од Совет на родители и претставник инспектор за малолетници. На состанокот стана збор за превземање на превентивни мерки за заштита на учениците во училиштето и надвор од него.

Во периодот од 21.03 – 25.03 во организација на Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување МАПАС на 24. 03. 2022г. во нашето училиште беше одржан едукативни настани по повод Глобалната недела на парите со ученици од 4-1 и 4-3 паралелка.

„Ц.С.И. Надеж“ овозможи реализација на пет (5) работилници за родова еднаквост во кои земаа учество вкупно 100 ученици (женски и машки, од прва, втора и трета година) од струката Лични услуги, образовен профил Фризер. Целта на овие работилници беше да се подигне свеста за важноста од родовата еднаквост. Работилниците опфатија теми: Родово засновано насилство во различни земји, Како да ги научиме момчињата и девојчињата дека имаат еднакви права? Улогата на училиштата во учењето на децата за однесувања кои се сметаат за соодветни за нивниот пол; Главните предизвици со кои се соочуваат жените на работното место и сл.
Работилниците се реализираа во период од 05.4.2022г до 07.4.2022г. од страна на психологот во училиштето Марика Станимировиќ.

На ден 01.04.2022 Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во соработка со МОН и МВР одржа сообраќајно едукативна активност, презентација и филмови во склоп на кампањата „Матуранти - млади возачи почитувајте ги правилата и прописите во сообраќајот“.

На 10 април (недела) со почеток во 9 часот се одржа традиционалната десетта Авицена женска трка 2022, каде покровител е Град Скопје во организација на Сојузот на спортови.

Големо браво за учениците од нашето училиште кои под менторство на професорката Мирјана Крстевска волонтираа и дадоа свој придонес во оваа трка.

За прв пат имаме и директен учесник, ученичката Марија Мицевска од II-1 клас за која дождот не беше пречка да истрча 3 км. Браво Марија !!!

На 11.4.2022г. се реализираше по електронски пат ПИСА - програмата за меѓународно оценување на учениците, за проценуваат способностите, знаењата и вештините на учениците во примена на она што го научиле во училиште во различни животни ситуации на крајот на задолжителното образование на возраст од 15 години во читање со разбирање, математичка писменост, писменост во природни науки и креативно мислење. Во училиштето беа тестирани 80 ученици.

На 12.4.2022г. Институтот за географија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје одржа презентација на својата образовна понуда за матурантите во бСУГС „Димитар Влахов“. На матурантите им претстои период кога треба да донесат одлука во врска со нивното понатамошно образование, а ова е една од можностите каде може да го продолжат образованието.

Благодарност до Schwarzkopf Professional Makedonija што овозможија во рамки на практичната настава ученици од профилот фризер да бидат дел од семинарот Техника на слободна рака и семинарот Предосветлување, тонирање и одржување, кои беа одржани од исклучително искусни и сертифицирани фризери - Schwarzkopf едукатори со огромно меѓународно искуство.

Ова беше одлична прилика нашите ученици да се збогатат со знаење, инспирација и креативност.

На 20 април 2022г. (среда) во Скопје се одржа обука за психолози од средните училишта за водење интервју со деца – потенцијални жртви на трговија со луѓе. Хоризонталниот инструмент на ЕУ и Совет на Европа пружа поддршка за спречување и сузбивање на тровијата со деца преку градење на капацитетите за препознавање и упатување на децата - потенцијални жртви на трговијата со деца.

Во соработка со Бирото за развој на образованието организираше обука за техники за интервјуирање на дете - потенцијална жртва на трговијата со деца. Обуката онлајн ја следеше психологот на училиштето Марика Станимировиќ.

На 05.5.2022г.(четврток) се одржаа родителските средби за третиот класификациопнен период преку Microsoft Teams.

Во рамките на слободните часови по предметот Спорт и спортски активности, нашите ученици се приклучија на еко акцијата “Генералка викенд 2022” организирана од Град Скопје. Со волонтерската акција за чистење на патеките, местата за рекреација и паркинзите на Водно, сакавме да придонесеме Водно да биде почисто и поубаво место за скопјани.

На 8 мај 2022 со почеток во 9 часот се одржа трката Скопје Трча-10к/SKOPJE RUN-10K во организација на Сојуз на спортови на Скопје.
И овој пат учениците од СУГС ,,Димитар Влахов" активно земаа учество како волонтери и беа на висина на поставената задача под менторство на наставникот Мирјана Крстевска.

На ден 04.05.2022 год. во Ask Academy Schwarzkopf Professional се одржа основна обука за колористика во организација на СКП-Македонија. На обуката учествуваа и ученици од нашето училиште од I-1, I-2 и I-9 клас заедно со наставникот по стручни предмети Драгана Цветковска Јаневска.
Учениците успешно ја реализираа обуката усовршувајќи ги своите знаења во процесот на создавање на совршени бои за своите клиенти.

На 14 и 15 мај 2022г. во Струга се одржа обука на тема: „Современи, креативни методи и техники за учење“ за сите вработени наставници во училиштето.

Во среда (11.05.2022) во просториите на СУГС „Владо Тасевски“ од 11.00 до 14.00 ч. се одржа состанок на Активот на стручни соработници на средните училишта во Скопје. На состанокот присуствуваше психологот на училиштето Марика Станимировиќ.

На 17.5.2022д. се одржа трибина на тема „Вештини за зелен град“ кој се организира во рамки на Проектот ,,Европска платформа за иновации и стручно образование и обука – GREENOVET” и ницијативата „Европска недела на стручни вештини“. Настанот има за цел да ги промовира придобивките на стручното образование и обука и најдобрите практики и на едно место да ги собере сите засегнати страни како наставници, обучувачи, студенти, институции. Исто така ќе се дискутираат и за можностите за искористување на стручните вештини во функција на зачувување и заштита на животната средина и надминување на предизвиците со кои градот Скопје се соочува на ова поле. На настанот учество ќе земат претставници на Град Скопје, средните училишта, високо-образовните институции и други државни институции кои се поврзани со стручното образование и обука и зелените иновации, како ипретставници на бизнис секторот. Целта на настанот е и да се идентификуваат можностите како стручното образование да се стави во функција на зелената трансформација на економијата и општеството воопшто. Градот Скопје се соочува со голем број предизвици во однос на загадувањето на животната средина, особено екстремно загадениот воздух, дивите депонии и загадувањето на водите. Стручното образование може да понуди иновативни и ефективни решенија за надминување на овие проблеми и создавање поздрава животна средина, без да се загрози аспектот на економска одржливост.

Настанот ќе се осврне и на потребата за стекнување нови вештини и знаења во многу сектори и занимања, создадена од транзицијата кон зелена економија. На трибината беа присутни психологот Марика Станимировиќ и наставникот Слаѓана Јаневска.

На 17.5.2022г. Градоначалничката на Град Скопје, Данела Арсовска, го посети нашето училиште „Димитар Влахов“ и штандовите на кои учениците ги презентираа своите стекнати вештини и изработки и го отвори уписот за претстојната учебна година 2022/23 година на Отворениот ден на училиштето.

Потребата од создавање квалификуван и стручен кадар кој што ќе одговори на барањата на компаниите, односно на нивните производствени

процеси, го наметнува унапредувањето на ваквите образовни профили, истакна градоначалничката Арсовска.

Во средното училиштето „Димитар Влахов“ има три струки, лични услуги, хемиско технолошка и графичка струка, кои се застапени со повеќе профили односно занимања. Профилите што се изучуваат траат две години, три години или четири години.

Училиштето „Димитар Влахов“ располага со целосно опремени кабинети и училници за практична настава, кои ги исполнуваат стандардите за реализација на наставата и сите паралелки се дуални, односно имаат успешна соработка со компании, освен турската паралелка со образовен профил фризер.

Во претстојната учебна година 2022/23 година во средното училиште „Димитар Влахов“ ќе можат да се запишат основците коишто сакаат да учат за фризери на македонски, албански и турски наставен јазик, техничари за козметичка нега и убавина, естетичари на македонски и албански наставен јазик, графички уредници дизајнери на македонски јазик, прехранбени техничари/ техничари за козметички и хемиски производи на македонски наставен јазик, прехранбени техничари/ техничари за заштита на животната средина на албански јазик и месопреработувачи на македонски јазик.

Со воведувањето на дуалното образование во образовниот процес во средните училишта, на средношколците им се овозможува да се стекнат и со практични знаења и да бидат веднаш вклучен во производствениот процес и нема да имаат потреба од свое доквалификување, истакна директорката на СУГС ,,Димитар Влахов", Јасминка Гудоманова.

Градоначалничката Арсовска ги поздрави учениците, ги пофали нивните изработки и истакна дека токму ваквиот тип на образование ќе ги направи учениците попродуктивни и поконкурентни на пазарот на трудот и целосно подготвени да се вклучат во работниот процес.

Голема благодарност до Град Скопје и градоначалничката Данела Арсовска и до МОН и Министерот Јетон Шаќири што не удостоија со своето присуство на нашиот Отворен ден на училиштето. Средните стручни училишта организираат отворени денови за идните средношколци запознавајќи ги со струките и профилите кои ги нудат, со компаниите со кои имаат воспоставено соработка за практична обука на учениците, но и со генералните предности на стручното образование. Прво училиште кое ги отвори вратите за полуматурантите е СУГС „Димитар Влахов“, а на промотивниот настан присуствуваше и министерот за образование и наука Јетон Шаќири кој рече дека е задоволен од постигнатите резултати во рамки на првиот дел од кампањата и дека очекува успешно заокружување на истата до крајот на мај.

Министерот изрази очекувања дека трендот на пораст на учениците кои одбираат да се запишат во стручно училиште ќе продолжи и понатаму, затоа што, како што рече, средното стручно образование го враќа сјајот кој го имаше некогаш во минатото, станува интересно со повеќе пракса за сметка на учење теорија и истовремено се подигнува свеста дека овој тип на образование всушност нуди просперитетна иднина, односно брзо вработување по завршување средното образование, но и добра основа за понатамошна академска надградба.

„Можностите за брзо обезбедување на работен ангажман треба да бидат најголема мотивација за учениците да го одбираат стручното образование“, потенцираше министерот.

Од 1-3 март 2022 година се спроведе обука за **“Социјални претприемнички активности за маргинализирани групи“** во организација на Центарот за Социјални Иницијативи “НАДЕЖ“. Обуката се одвиваше со учество на онлајн сесии на ZOOM платформата од.

На обуката на која учествуваа наставници од средни училишта, студенти и претставници од здруженија на граѓани, активно учество зема и СУГС “Димитар Влахов“ кое го претставуваа наставниците по стручни предмети од лични услуги Јулија Величковска-Стојаноска и Стефка Блажевска Тушевска.
Обуката ја водеше обучувачот Зоран Стојковски кој ги запозна учесниците со концептот на социјално претприемништво и неговото место во континиумот на извори на средства за граѓанските организации. Ја елаборираше и состојбата со социјалното претприемништво во Република С. Македонија и Европа.

На 20 мај се одржаа Денови на занаетчиство во ООУ Блаже Конески под наслов "До врвот на успехот преку патот на занаетот" каде што зедоа учество и учениците од СУГС ,,Димитар Влахов" каде се преставија со струките што се изучуваат во нашето училиште.

По двегодишна пауза поради пандемијата, на 21.5.2022г. точно на пладне на скопскиот плоштад „Македонија“ се одржа Матурската парада. Покрај традиционалниот матурски квадрил, се играше и салса.
На парадата учествуваа 400 матуранти од различни училишта меѓу кои и учениците од СУГС ,,Димитар Влахов" под менторство на професорката Мирјана Крстевска.

На 27 мај 2022г.ученици од хемиско технолошката струка и од струката лични услуги предводени од наставниците по стручни предмети Весна Стефова и Сања Атанасовски денес беа во посета на Технолошко-металуршкиот факултет на настанот "Технологијата спојува образование - наука - индустрија".
Воедно беше потпишан и Меморандум за соработка помеѓу нашето училиште и Технолошко-металуршкиот факултет.

Учениците од хемиско технолошката струка и струката лични услуги ќе добијат можност да ги прошират своите знаења во областа на хемијата и стручните предмети, да ги посетат лабораториите на факултетот, да присуствуваат на лабораториски вежби поврзани со наставната програма, ќе добијат помош и можност за истражувачки проекти.
Се радуваме на претстојниот научно-предизвикувачки период што следува и воедно благодариме за понудената соработка.

На 31.5.2022г. се одржа Дигиталниот саем за средно стручно образование 2.0, во организација на Образование за вработување во Северна Македонија - E4E и Министерство за образование и наука/Ministria e Arsimit dhe e Shkencës повторно ги презентираше предностите на стручното образование и дуалните паралелки.

Дигиталниот саем 2.0 можеше да се следи на повеќе наставни јазици.
Практичната обука на ученици во компанија, стекнување на стручни вештини како и можноста за вработување по завршување на средното училиштето се само дел од содржините на Дигиталниот Саем 2.0.

Драги деветтоодделенци и родители Ве покануваме на Дигиталниот саем за средно стручно образование на кој ќе имате можност да се запознаете со предностите и новините во средното стручно образование во РСМ.

На саемот гостуваше директорката на нашето училиште м-р Јасминка Гудоманова, учениците Верица Димовска од 3-4 и Јасин Аслани од 2-8 паралелка, како и г-ѓата Сузана Блажевска, работодавач од Афродита С.

На 16.6.2022г. во Националната опера и балет се одржа манифестација која беше поддржана од СУГС "Димитар Влахов" под менторство на наставникот по практична настава Ферихан Махмуд-Кека. Учениците од нашето училиште беа ангажирани во разубавувањето на дел од учесниците на Фестивалот на класичен балет и модерен танц. Позади сцената имаше пријатна работна атмосфера, каде учениците од "Димитар Влахов" максимално ја изразија својата креативност и ги направија учесниците да изгледаат волшебно на сцената. Фестивалот на класичен балет и модерен танц упати голема благодарност до раководството и менторот на СУГС "Димитар Влахов".

На 16.6.2022 г. се одржа Манифестацијата „Средба на првиот со најдобрите„каде што Градоначалникот на Град Скопје Данела Арсовска на 25 матуранти првенци на генерација од скопските средни училишта им врачи специјални признанија и награди. Првенец за 2018-2022 генерација за нашето училиште беше ученичката Марија Кире Ефремова која се здоби и со стипендија од факултетот за Туризам и менаџмент за продолжување на образованието.

Од националната работилница за вмрежување на КУПР во С. Македонија **“Моментална состојба на УПР и улогата на КУПР“** во рамките на регионалниот **проект „Обезбедување квалитет на работата на Координаторите за врски со компаниите“** во организација на Центарот за стручно образование и обука во соработка со Регионалната канцеларија за соработка на Австриската агенција за образование и интернационализација (OeAD) и Волонтерски Центар Скопје. Регионалниот проект „Обезбедување квалитет за работата на координаторите за врски со компаниите“ се надоврзува на резултатите од претходниот регионален проект „Училиштата се среќаваат со компаниите" и се одржа од 20 до 21 Јуни во Струга, Хотел ДРИМ.

Со цел стекнување на подетална слика за моменталната состојба на УПР и улогата на КУПР, активно учество во работилницата зема и нашето училиште СУГС “Димитар Влахов“ преку својот претставник, наставникот по стручни предмети во лични услуги – Јулија Величковска-Стојаноска.

На 22.6.2022г. се одржа Конференцијата „Дали образовниот систем гради целосни личности“ во организација на Младите можат како дел од проектот “All for You(th)!”. Експертски тим на АСК работеа на развој на програми за кариерно советување во средните училишта. Беа развиени две програми, една за кариерно советување на средношколци и втората за градење на капацитетите на кариерни советници во рамки на средните училишта.

На самата конференција беа претставени следните програми:

Програма за подобра грижа за менталното здравје на учениците во образовниот систем, наменета за наставници и психолози во средни училишта.

Говорник: Тиана Ивановска – СебеСложувалка

Програма за кариерно советување на средношколци, наменета за учениците од средните училишта.

Говорник: Ивана Дојчиновска Стојановиќ – Асоцијација на кариерни советници

Програма за градење на капацитети на кариерни советници во рамки на средните училишта.

Говорник: Славица Тасева– Асоцијација на кариерни советници.

### 3.4. Извештај за успехот и редовноста на учениците

Во текот на учебната година редовно се вршеше проверка и оценување на постигањата на учениците.

За вреднување на трудот на учениците беа применети сите типови на проверка на знаењата: писмена проверка (преку изработка на писмени работи, тестови на знаење, контролни задачи, работни листови.) усмено проверување и комбинирано, онлајн преку социјалните мрежи, зум платформа и др. Успехот на учениците беше следен и од страна на директорот, стручниот соработник и пом.директор преку непосредни увиди на наставни часови.

Следењето на постигањата во реализацијата на програмите, анализата на резултатите по одделни предмети во одделните паралелки, постигнувањата на секој ученик поединечно, како и осознавањето на состојбите значајни за квалитетна реализација на наставните курикулуми се вршеше на состаноците на советите на паралелките. Овие совети се одржаа на редовните 4 класификациони периоди, кога се вршеше разгледување и анализирање на успехот, редовноста и дисциплината на учениците, а воедно и се предлагаат мерки за развој и унапредување на наставниот процес во функција на подобрување на успехот и поведението. По потреба се одржуваа и вонредни состаноци на Советите на паралелката за тековни работи. Сите состаноци, советите се држеа онлајн.

На почетокот на учебната 2021/2022 година беа запишани 554 ученика од кои 284 машки и 270 женски. Вкупниот број на ученици за прво тромесечие 530 од нив 259 машки и 271 женски. Со позитивен успех **285**/357 ученика, со една слаба **103**/71, со две слаби оцени **51**/36, со три и повеќе **80**/39 ученика, неоценети **11**/7 ученика. Направени се вкупно **11195**/6814 изостаноци од кои **8618**/5600 оправдани и **2577**/1214 неоправдани изостаноци.

#### Извештај за прво полугодие 2021/2022г.

Во учебната 2021/2022г. на почеток се запишани 554 ученика во 39 паралелки од кои 22 паралелка на македонски наставен јазик, 14 паралелки на албански наставен јазик и 3 паралелки на турски наставен јазик. Во тек на првото полугодие 67 ученика заминале по различни основи( заминале во др. училиште 27, вонредно 40), а дошле 20 други нови ученици.

Во **прва година** во прво полугодие има вкупно 186 ученици во 12 паралелки и тоа 7 паралеки на македонски наставен јазик од кои 4 паралелки во струката Лични услуги, 2 паралеки образовен профил Фризер, 1 паралелка образовен профил Естетичар за нега на раце и нозе, 1 паралелка образовен профил Техничар за козметичка нега и убавина, во Хемиско – технолошка струка 2 паралелки образовен профил Прехранбен техничар и Месопреработувач, Графичка струка 1 паралелка Графички уредник – дизајнер. На албански јазик во струката Лични услуги 3 паралелки, 1 паралелка образовен профил фризер, 1 паралелка образовен профил Естетичар за нега на раце и нозе, 1 паралелка образовен профил Техничар за козметичка нега и убавина, во Хемиско – технолошка струка 1 паралелка образовен профил Прехранбен техничар/техничар за заштита на животната средина. На турски

наставен јазик 1 паралелка во струката Лични услуги, образовен профил фризер.

Во **втора година** во прво полугодие има вкупно 135 ученика во 11 паралелки, 6 на македонски наставен јазик и тоа во струката Лични услуги 4 паралелки од кои 2 паралелки образовен профил Фризер, 1 паралелка образовен профил Естетичар за нега на раце и нозе и 1 паралелка образовен профил Техничар за козметичка нега и убавина. Во хемиско – технолошката струка 1 паралелка образовен профил Прехранбен техничар и графичка струка 1 паралелка Графички уредник-дизајнер. На албански наставен јазик 4 паралелки од кои 3 паралелки во струката Лични услуги 1 паралелка образовен профил Фризер и 1 паралелка образовен профил Естетичар за нега на раце и нозе, 1 паралелка Техничар за козметичка нега и убавина и 1 паралелка Прехранбен техничар. На турски наставен јазик 1 паралелка во струката Лични услуги, образовен профил фризер.

Во **трета година** во прво полугодие има вкупно 132 ученика во 11 паралелки, од кои 6 паралелки на македонски наставен јазик. Во струката Лични услуги 4 паралелки од кои 2 паралелки образовен профил фризер, 1 паралелка образовен профил Естетичар за нега на раце и нозе и 1 паралелка образовен профил Техничар за козметичка нега и убавина. Во хемиско-технолошка струка 1 паралелка образовен профил Прехранбен техничар/техничар за заштита на животната средина и Графичка струка 1 паралелка Графички уредник-дизајнер. На албански наставен јазик има 4 паралелки во струката Лични услуги, 1 паралелка образовен профил фризер, 1 паралелка образовен профил Естетичар за нега на раце и нозе и 1 паралелка Техничар за козметичка нега и убавина и во хемиско-технолошка струка 1 паралелка Прехранбен техничар. На турски наставен јазик 1 паралелка во струката Лични услуги, образовен профил фризер.

Во **четврта година** во прво полугодие има вкупно 54 ученика во 5 паралелки од кои 3 на македонски наставен јазик и тоа 1 паралелка во струката Лични услуги, образовен профил Козметички техничар, 1 паралелка во хемиско-технолошка струка, образовен профил Прехранбен техничар/техничар нутриционист и Графичка струка – Графички техничар. На албански наставен јазик 2 паралелки во струката Лични услуги, образовен профил Козметички техничар и во хемиско-технолошка струка, образовен профил Прехранбен техничар.

Вкупен број на ученици кои останале во прво полугодие **507** од нив **241** машки, **266** женски. Со **позитивен успех вкупно** 381 ученик, 60 со **една слаба оцена**, 24 со **две слаби оцени, 39 со три и повеќе** ученика, 3 ученика неоценети. Направени се вкупно 17733 изостаноци од кои 15191оправдани и 2542 неоправдани изостаноци од кои 5930 во прва година, 5462 во втора година, 4329 во трета година и 2012 во четврта година што кореспондира со успехот во првото полугодие. Просек по ученик 35 изостаноци.

Согледувањата се дека резултатите се слаби, треба да се организира дополнителна настава поради негативни оцени. Следење на редовноста на учениците од паралелките од кои најмногу се отсуствува. Тимски, стручната служба, класните раководители и родителите ќе работат на откривање на

причините за слабиот успех на учениците и за изостанување од наставата и воспитно ќе се влијае на учениците со најголем број на изостаноци.

**Како прилози се дадени табелите за успехот на учениците по години и наставен јазик.*

## Најдобри класови по години

- **Прва година: 1-5** просек **3,38**
- **Втора година: II-5** просек **4,15**
- **Трета година: III-5** просек **4,27**
- **Четврта година: IV-1** просек **3.90**

***Најдобар клас на полугодие по успех III-5** просек **4,27***

## Успех по струки

**Прва година:**

1. **Лични услуги на Македонски јазик – 2.95/**3,30
2. **Графичка – 3.38/3,58**
3. **Хемиско-технолошка Мак – 2.99/2,75**
4. **Лични услуги на Албански јазик – 2.63/2,75**
5. **Лични услуги на Турски јазик – 3.06/2,42**
6. **Хемиско-технолошка Алб – 2.50/2,66**

**Втора година:**

1. **Лични услуги на Македонски јазик – 3.02/3,09**
2. **Графичка – 4.15/3,43**
3. **Хемиско-технолошка Мак – 2.91/2,61**
4. **Лични услуги на Албански јазик – 2.72/2.89**
5. **Лични услуги на Турски јазик – 2.68/3,15**
6. **Хемиско-технолошка Алб – 2.47/2,29**

**Трета година:**

1. **Лични услуги на Македонски јазик 3.53/3,17**

2. **Графичка струка –4.27/2,59**
3. **Хемиско-технолошка – 3.11/2,83**
4. **Лични услуги на Албански јазик – 2.90/2,86**
5. **Лични услуги на Турски јазик –3.60/2,76**
6. **Хемиско-технолошка Алб – 2.74**

**<u>Четврта година:</u>**

1. **Лични услуги на Македонски јазик – 3.90/4,07**
2. **Хемиско - технолошка – 3.70/3,08**
3. **Лични услуги на Албански јазик – 3.24/2,76**
4. **Графичка 2.89**
5. **Хемиско-технолошка Алб – 3.23**

**Среден успех по години**

1. **Прва година – 2.88/**2,99
2. **Втора година – 2.95/**2,95
3. **Трета година – 3.21/**2,95
4. **Четврта година – 3.39/**3.49

***<u>СРЕДЕН УСПЕХ НА УЧИЛИШТЕТО 3.10/</u>**<u>3,09</u>*

**На ниво на училиште во однос на поведението има:**

- 442 **ученика со примерно поведение**
- 50 **ученика со добро поведение**
- 15 **ученика со незадоволително поведение**

**Извештај за крај на наставната година**

Во учебната 2021/22 год. на почеток беа запишани 554 ученика од кои 284 машки и 270 женски, од кои 30 ученици преминале во друго училиште, 55 ученици вонредно, 2 прекинале школување со 25 дена континуирано отсуство од настава, а дошле 26 нови ученици во тек на учебната година. Вкупен број на

ученици кои останале 482 од нив 226 машки, 256 женски. Со позитивен успех 468 ученика, со една слаба оцена 7 машки 3 женски или вкупно 10 ученика, со две слаби оцени 3 машки, 1 ученик на испит на година по 1 предмет. На ниво на училиште има **66**/84 одлични, **126**/91 многу добри,**188** /183 добри и **87** /110 доволни ученици. Направени се вкупно **26569**/23425 изостаноци од кои **23586**/20735 оправдани и **2983**/2690 неоправдани изостаноци што кореспондира со успехот на ниво на училиште **3,34**/3,32. Просек по ученик **55**/47 изостаноци. Во 1 година има вкупно 8705 изостаноци 50 по ученик, 2 година има вкупно 8062 изостанока 64 по ученик, 3 година има вкупно 6963 изостанока 54 по ученик и 4 година има 2839 изостанока или 54 по ученик.

**Најдобри класови по години**

- **Прва година: I-4** просек 3.71
- **Втора година: II-5 просек 4,32**
- **Трета година: III-5 просек 4,43**
- **Четврта година: IV-3 просек 4,48**

**Среден успех по години**

- **Прва година – 3,20/3,11**
- **Втора година – 3,27/3,15**
- **Трета година – 3,22/3,22**
- **Четврта година – 3,67/3,71**

***СРЕДЕН УСПЕХ НА УЧИЛИШТЕТО 3,34/3,30***

**На ниво на училиште во однос на поведението има:**

- **373 ученика со примерно поведение**
- **88 ученика со добро поведение**
- **21 ученик со незадоволително поведение**

### 3.5. Извештај за државна матура и завршен испит

Во учебната 2021/22 година се реализираше полагање на Државна матура и завршен испит на четиригодишно образование и завршен испит за тригодишното образование.

Завршен испит на четиригодишно обраование и завршен испит за тригодишното образование и се постигнаа следниве резултатити:

- **Јунски испитен** рок 2022 година државна матура
  - на македонски наставен јазик: пријавени 22, положиле 20
  - на албански наставен јазик: пријавени 15, положиле 14

- **Јунски испитен** рок 2022 година завршен испит за четиригодишно образование
  - на македонски наставен јазик: пријавени 21 , положиле 21
  - на албански наставен јазик: пријавени 5, положиле 5

- **Јунски испитен** рок 2022 година завршен испит за тиригодишно образование
  - на македонски наставен јазик: пријавени 42, положиле 36
  - на албански наставен јазик: пријавени 31, положиле 18
  - на турски наставен јазик: пријавени 4, положиле 4

- **Августовски испитен рок** 2022 година државна матура
  - на македонски наставен јазик: пријавени 1, положиле
  - на албански наставен јазик: пријавени 7, положиле

- **Августовски испитен** рок 2022 година завршен испит за четиригодишно образование
  - на македонски наставен јазик: пријавени 1, положиле
  - на албански наставен јазик: пријавени 4, положиле

- **Августовски испитен** рок 2022 година завршен испит за тиригодишно образование
  - на македонски наставен јазик: пријавени 24, положиле
  - на албански наставен јазик: пријавени 13, положиле
  - на турски наставен јазик: пријавени 5, положиле

## 4.Реализација на наставата

Во текот на учебна 2021/22 година наставата се изведуваше редовно по сите предмети предвидени со наставните планови. Согласно насоките од МОН, по барање на родителите, за некои ученици беше организирана on-line настава со користење на Microsoft teams апликацијата. По одлука на предметните наставници, за учениците кои следеа on-line настава дополнително беа и организирани консултативни индивидуални средби со учениците во просториите на училиштето а со цел проверка и утврдување на постигнувањата на учениците.

Наставните содржини предвидени за учебната 2021/2022 година во целост се реализирани од страна на сите наставници од активите. При реализација на наставата користени се: фронтална и групна форма на работа – при подучување на група ученици, индивидуална форма – при самостојна работа на ученикот, кооперативна форма – при работа во парови и групна форма на работа, а од методите на работа користени се: монолошки, дијалошки, метод на демонстрација, текст метод, учење преку проект, метод на истражување, дискусија, презентација, метод на писмена работа и метод на работа со компјутерска технологија, он-лајн. Најчесто користени техники се: сложувалка, коцка, реципрочно испрашување на учениците, табела на поими, грозд, вртелешка, концепциски мапи; што знам, што сакам да научам, што научив и други. Реализирана е дополнителната и додатната настава предвидена во ова учебна година од страна на сите наставници од активите. Реализирани се и вонредните испити согласно испитните сесии. Поправни испити, испити на година се реализирани согласно календарот за работа за тековната учебна година. Направени се и реализирани се годишните и тематские планирања од страна на сите наставници од активите.

***Табела бр.2 Наставни предмети по години***

| **Предмет** | **Година на изучување** |
|---|---|
| Македонски јазик и литература | во 1 - 4 година |
| Англиски јазик | во 1 - 4 година |
| Математика | во 1 – 2,3,4 година |
| Музичка култура | во 1 година |
| Спорт и спортски активности | во 1 - 4 година |
| Историја | во 1 – 2 година |
| Историја на Македонија | во 2 година |
| Физика | во 1 - 2 година |
| Хемија | во 1 - 2 година |
| Биологија | во 1 - 2 година |
| Козметика и фризерство | во 1 година |
| Фризерство | во 1 – 2,3 година |
| Материјали во фризерството | во 1 – 2,3 година |
| Основи на здравството | во 1 - 2 година |
| Хигиена и микробиологија | во 1 година |
| Естетика | во 1 година |
| Информатика | во 1 – 2 година |
| Ликовна уметност | во 1 – 2 година |
| Графички материјали | во 1 – 2 година |
| Основи на графичарството | во 1 година |
| Графички дизајн | во 1 – 2 година |
| Техничко цртање и машински елементи | во 1 година |
| Албански јазик и литература | во 1 – 4 година |
| Турски јазик и литература | во 1 – 3 година |
| Анатомија и физиологија | во 2 година |
| Познавање на материјалите | во 1 – 2 година |

| | |
|---|---|
| Естетска нега на рацете и нозете | во 1 – 2 година |
| Технологија на занимањето | во  2- 3 година |
| Практична настава | во 1 – 4 година |
| Дерматологија | во  2-3 година |
| Применета козметика | во  2-3 година |
| Машини, уреди и апарати | во  3 година |
| Технологија на работењето | во  3 година |
| Технолошки операции | во  3 година |
| Микробиологија со санитација | во 2 година |
| Процесна техника | во  2-3 година |
| Аналитичка хемија | во  2-3 година |
| Биохемија | во  3 година |
| Физичка хемија | во  3 година |
| Прехранбена технологија | во  2-3 година |
| Основи на прехранбена технологија | во 1 година |
| Технологија на месо и месни прерабоптки | во 1 година |
| Психологија | во  3 година |
| Менаџмент и бизнис | во  3 година |
| Претприемништво | во  3 година |
| Бизнис | во  3- 4 година |
| Фармакологија | во  3 година |
| Козметологија | во  3-4 година |
| Граѓанско образование | во  3-4 година |
| Мерење и автоматска регулација | во  3 година |
| Сметачи и програмирање | во  3 година |
| Технологија на графичка подготовка | во  3 година |
| Технологија на печат и доработка | во  3 година |
| Електротехника и електроника | во  4 година |
| Исхрана | во  4 година |
| Храна и исхрана | во  1 година |
| Анализа на храна | во  4 година |
| Контрола на квалитет | во  4 година |
| Учење преку работа | во  3 година |
| **изборни предмети** | |
| Биологија-изборен | во  3- 4 година |
| Хемија-изборен | во  3- 4 година |
| Козметологија-изборен | во  3- 4 година |
| Практична настава-изборен | во  3- 4 година |
| Применета козметика-изборен | во  3- 4 година |
| Прехранбена технологија-изборен | во  3- 4 година |
| Технологија на графичка подготовка-изборен | во  3- 4 година |
| Технологија на печат и доработка-изборен | во  3- 4 година |
| Графички дизајн-изборен | во  3 година |
| Аналитичка хемија-изборен | во  3- 4 година |
| Процесна техника-изборен | во  4 година |
| Организациско однесување | во  3- 4 година |

**ИКТ во наставата**

Во учебната 2021/22 година се продолжи со имплементирање на КТ во наставниот процес со цел да се збогатат знаењата на учениците и да се поттикнуваат нивните креативни потенцијали како една од базичните цели во воспитно-образовниот процес.

Во согласност со насоките од реформите во образовните планови и програми оваа учебна година 20% од наставните часови беа подржани со ИКТ. За таа цел се организираа интерни советувања и дисеминација на обуките за примена на компјутерски методи и техники во образованието. Часовите кои бараат примена на овие техники се организираа според распоред во одредени кабинети и беа посетени од страна на Државниот просветен инспекторат, директор и психолог. Користени програми, линкови и методи и техники:

| **Програми** | **Линкови** | **Методи и техники** |
|---|---|---|
| Open Office Impress | you tube | Power Point |
| Power Point | Colorado | Web Quest |
| Corel | Sccholl.mk | Asocijacija |
| Exsel | Phet | Kompjuterska prosetka niz galerija |
| Word | | |

Во учебната 2021/2022 година посебен акцент се стави на креирање и заживување на заедничка работа за размена на информации и материјали кои им се потребни на наставниците за успешно реализирање на воспитно-образовниот процес. Исто така се продолжи со работа преку користење на постојните социјални мрежи и on-line дискусиони групи за комуникација со наставниците, учениците и родителите.

**Додатна и дополнителна настава**

Дополнителната настава се организираше во текот на целата учебна година со цел да се совладаат наставните содржини кои од одредени причини учениците не успеале да ги научат. Овој тип настава подразбира индивидуален пристап во работата со учениците, но и начин за подобрување на успехот на предметниот наставник. Индивидуалниот пристап имаше силна мотивациска улога во интегрирање на учениците кои не покажале успех во редовната настава.
Оваа настава ја реализираа предметните наставници со претходно изготвените планови за распоредот на работните обврски и според програмата за дополнителна настава.

Додатната настава се планира и реализира со учениците кои покажуваат особено изразен интерес за одредени наставни содржини. Цел на овој тип настава беше да се обезбеди систематска работа со надарените ученици. Оваа настава се организираше во зависност од потребите и желбите кои се појавуваат кај определен број на ученици. Наставата служи за стекнување на повисок степен на знаења од одреден наставен предмет, група предмети или области.

Реализирани проекти според интересот на учениците и програмите за работа кои се составен дел на училишната Годишна програма.

## 5.Воннаставни активности реализирани во учебната година

Целта на овие активности беше да се влијае на учениците кон создавање навики за правилно осмислување и насочување на слободното време, односно учениците да се социјализираат преку дружење и соработка во области на спортот, музиката и сл.

Овие активности се одвиваат преку:

- Слободни активности;
- Натпревари и смотри;
- Заштита и унапредување на здравјето на учениците и култура на живеење;
- Општествено - културна дејност;
- Ученички екскурзии;

Нашите ученици зедоа активно учество во бројни натпревари во општината, градот и Републиката.

За формирање на здрава личност на ученикот спремен за успешно работење и напредок, основен предуслов е неговото физичко и психичко здрвје.

Во однос на заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците и културата на живеењето, покрај содржините од редовната настава организирани се и реализирани редовни систематски прегледи и вакцинации на учениците, подобрување и постојана грижа за хигиенските и естетско-културните услови за живот и работа во училиштето.

За таа цел покрај предавања и дискусии на класните часови беа организирани предавања за превентивни мерки за болестите од зависности, Сексуално преносливи инфекции во соработка со Центарот за јавно здравје – Скопје, НВО ХЕРА. Скоро сите учениците во учебната 2021/2022 година беа осигурани.

Ученичките ескурзии кои беа планирани не беа реализирани согласно предвиденото со Годишната програма за работа на училиштето поради COVID пандемијата.

Евидентирани се следните активности:

На 22.09.2021г. ширум светот се одбележа Светскиот ден без автомобили, ден кој првпат беше одбележан пред 21 година. Овој ден има цел да ја крене свесноста кај луѓето за зелените, еколошки транспортни решенија (јавен транспорт, пешачење, велосипедизам, итн.), како и да поттикне иницијатива за ремоделирање на градовите во насока на поддршка на ваквите модели на транспорт и приближување на јавниот простор, пред сѐ улиците, поблиску до луѓето. Одбележувањето на овој ден треба да ги поттикне граѓаните да замислат еден поинаков град кој ќе биде во функција на луѓето, а не на автомобилите. Стотици градови во Европа и светот овој ден го одбележуваат со затворање на улици или цели делови од градовите каде луѓето можат слободно да се движат и да обавуваат различни активности. Истовремено, овој потег има цел да ги поттикне луѓето, барем на тој еден ден, да го остават дома автомобилот кој важи за нееколошко и неефикасно транспортно средство и да размислуваат за други начини на превоз.

Светскиот ден без автомобили е последен ден од Европската недела на мобилност со кој се заокружуваат сите активности на овој традиционален настан. Се одбележува од 2000 година, кога 760 градови ја поддржале оваа идеја. По примерот на другите градови, првенствено се започнува со затворање на само неколку улици во градот, за потоа, во секоја наредна година, бројот на тие улици да се зголемува.

Ученици од нашето училиште предводени од наставникот Атанас Филиповски, учествуваа на овој настан и се добитници на една од дваесетте награди кои се доделија на крајот од велосипедското дефиле. Браво за Влаховци!

Денот без автомобили е ден кога цел свет го слави здравиот транспорт во еден град, а Скопје треба и заслужува да биде дел визијата на тој ден. „НаТочак“ ќе ја даде својата поддршка на општините во нивните напори да го одбележат денот, во однос на навремено информирање на јавноста.

На 23.09.2021 година со почеток од 17-часот беше одржана Виртуелната Изложба - "Peace4Mels" на која беа промовирани цртежи и фотографии на ученици од средните училишта во државата, кои учествуваа на конкурсот за најкреативен цртеж или фотографија на тема "Peace4Mels".

